РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-82/3
Датум: 20.1.2015 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 62 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Деканатската управа на седницата одржана на **20.1.2015** година донесе

# ОДЛУКА

за финансиските обврски за префрлање на втор циклус

I. Студентите, кои согласно Одлуката бр. 02-1834/19 од 21.8.2013 година се префрлиле од постдипломски студии на новите студиски програми од втор циклус студии, а при тоа ги платиле четирите семестри од насоката што ја запишале ги имаат следниве финансиски обврски:

1. ја плаќаат сумата што одговара на бројот на кредити од предметите што не се еквивалентирани, а што треба да ги запишат во двата семстри (IX и X семестар), без кредитите за магистерска тема.
2. ги плаќаат административните трошоци за запишување и заверка на празни семестри заклучно со претходната учебната година.
3. кога ќе ја пријават магистерската теза го плаќаат целиот износ утврден за студиската програма.

II. Вредноста на 1ЕКТС од подточка 1 од точка I. изнесува 10 евра во денарска противвредност .

III. Одлуката да се достави до: Упрвата, веб страницата на ФЕИТ, Службата за студентски прашања, сметководството, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски